Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Управа за извршување на санкциите
Воспитно поправен дом Тетово

Бр.01-724/3
Тетово, 29.11.2022 год.

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА НА ВПУ ВОСПИТНО ПОПРАВЕН ДОМ ТЕТОВО ЗА 2023 г.

Ноември, 2022 година


С.Волковија, Тетово
Република Македонија
+389 42 311 661
www.pravda.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Управа за извршување на санкциите
Воспитно поправен дом Тетово

Врз основа на член член 31 од Законот за извршување на санкциите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 99/2019 и 220/2019), а во согласност со Заклучокот од 50-та седница на Владата на РС Македонија точка 83, одржана на 2-ри март 2021 година, а во врска со Информацијата за преземање на мерки против корупција, Директорот на ВПУ Воспитно поправен дом Тетово а д о н е с е:

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА НА ВПУ ВОСПИТНО ПОПРАВЕН ДОМ ТЕТОВО ЗА 2023 г.

## ВОВЕД

Согласно Целата 4, мерка 4.1 од донесениот План за спречување на корупција во националниот затворски систем за период од 2022-2026 година на Управата за извршување на санкциите, како и Заклучокот од педесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, директорот на Воспитно поправен дом Тетово на ден 21.10.2022 година формираше работна група задолжена за изработка на Годишен план за спречување на корупција ВПД Тетово за 2023 година.Членовите на работната група беа задолжени за воспоставување на процесот на управување со ризик, потполнување на анализата за проценка на ризиците од корупција, донесување на Годишениот план за спречување на корупција за 2023 година и следење на спроведените активности кои произлегуваат од планот.

Анализата за проценка на ризиците од корупција изработена од работната група е составен дел од процесот за изработка на Годишен план за спречување на корупција на ВПД Тетово за 2023 година. Анализата се изврши со цел да се утврди кои се ризиците со најголем степен на закана од корупција и со потенцијал за највисока штета за да може истите соодветно да се адресираат во Планот. Беше наметнат пристап на идентификување на најкритичните точки од корупција по области и сектори (одделенија). Тоа даде основа за нивно адресирање во Планот за спречување на корупција во ВПД Тетово, а воедно и за пристапување кон понатамошна детална проценка на ризиците од корупција по области и сектори која би требало да се изведе како засебна и опсежна активност во секоја област и секој сектор (одделение) поодделно кои се сметаат како критични во однос на генерирањето на ризици од корупција.


Министерство за правда
Воспитно поправен дом Тетово
С.Волковија, Тетово
Република Македонија
+389 42 311 661
www.pravda.gov.mk

Вршењето на задачите и реализацијата на целите на Воспитно поправниот дом е во непосредна врска со преземањето на соодветни мерки кои се насочени кон отстранување на разните видови коруптивно однесување кои би можеле да се појават во најразлични форми како што е неморално и неетичко однесување, судир на интереси, непотизам и др.

Во таа насока се изврши идентификација на ризичните области, како и потребата од воспоставување на алатки и контролни механизми за надминување на детектираните ризични области, со предлог решенија кои ќе придонесат во превенирањето, спречувањето или намалувањето на ризиците на корупција при спроведувањето на надлежностите од Домот, кои активности се утврдуваат со овој Годишен план за спречување на корупција на Воспитно поправниот дом Тетово.

Годишениот план  за спречување на корупција за 2023 година на Воспитно поправен дом Тетово е еден од круцијалните документи кој придонесува во генералната политика на Владата за борба против корупција и нулта толеранција при злоупотреби.

Активностите врз основа на кои се заснова Годишниот план за спречување на корупција на Воспитно поправниот дом Тетово се во согласност со препораките доставени од страна на Владата на Република Северна Македонија.

## ОБЛАСТИ КАДЕ НАЈЧЕСТО ПОСТОИ РИЗИК ОД ПОЈАВА НА КОРУПЦИЈА

По спроведената Анализа за проценка на ризиците од корупција, беа идентификувани областите каде постои можност да се детектира корупција во установата, согласно правната и законската регулатива, а при спроведување на надлежностите  на Воспитно поправен дом Тетово и тоа:

1. Непочитување на важечките прописи при спроведување на постапките за јавни набавки;
2. Непочитување на важечките прописи при спроведување на постапките за вработување и унапредување;
3. Непочитување на важечките прописи во областа за преземање на финансиски обврски и финансиска дисциплина;
4. Непочитување на важечките прописи при спроведување на постапките за доделување на погодности и привилегии на децата кои издржуваат воспитна мерка;
5. Непочитување на важечките прописи при спроведување на дисциплинските постапки за вработените и
6. Непочитување на важечките прописи при примање на пратки и непрофесионално претресување на истите.

**1. Непочитување на важечките прописи при спроведување на постапките за јавни набавки**

Јавните набавки се едни од најзначајните области кои се спроведуваат на централно и локално ниво, помеѓу институции од јавниот сектор, како и помеѓу институции од јавниот сектор со деловни ентитети од приватниот сектор.

Јавните набавки во Воспитно поправен дом Тетово се спроведуваат во целосно јавна и транспарентна постапка преку електронскиот систем за јавни набавки согласно со Законот за јавни набавки, а врз основа на претходно донесен Годишен план за јавни набавки.

Спроведувањето на постапките за јавни набавки, како област која е идентификувана како чувствителна на корупција, во Воспитно поправен дом Тетово спаѓа на работни обврски на Одделението за правни, општи работи и јавни набавки и Одделението за финансиски прашања. Вработените лица од овие одделенија кои се вклучени во процесот на јавни набавки се должни да ги почитуваат законските и подзаконските акти, како и Интерната процедура за спроведување на постапките за јавните набавки во ВПД Тетово.

Главни елементи, односно причини кои претставуваат ризик за појава на корупцијата во постапките за јавни набавки се: активна корупција, пасивна корупција и судир на интереси.

При идентификувањето на ризикот од корупција во областа на јавните набавки беше пристапено кон собирање на информации за факторите на ризици по групи; надворешни фактори на ризикот; институционални фактори на ризикот; индивидуални фактори и фактори на ризици од корупција поврзани со оперативниот процес од конкретната област.

- *Надворешни фактори* на ризикот од корупција кои се јавуваат во постапките за јавни набавки се политичкото влијание и политичката волја, отсуство или нејасна, неконзистентна правна рамка за борба против корупција, честото менување на законската регулатива, неефикасно спроведување на законите.
- *Институционални фактори* на ризикот од корупција кои се јавуваат во постапките за јавни набавки се недоволен број на човечки ресурси со соодветни квалификации и познавање на стандардите при дефинирање на техничките спецификации како и критериумите за утврдување на способноста на економските оператори.
- *Индивидуални фактори* на ризикот од корупција кои се јавуваат во постапките за јавни набавки се можностите од притисоци/мобинг, подложност на

политичко/партиско влијание, несоодветен надзор врз работата во извршување на работната задача и чувство на незадоволство или перцепција на нефер пракса на работа и недоволна мотивираност од работа.

- *Фактори на ризици од корупција поврзани со оперативниот процес* кои се јавуваат во постапките за јавни набавки се најчесто нетранспарентно или неевидентирано одлучување, недостаток на вертикални и хоризонтални контроли при извршување на работата и нејасно определување на одговорноста кај извршителите на задачите што се дел од работниот процес.

**2.** Непочитување на важечките прописи при спроведување на постапките за вработување и унапредување;

Вработувањата во јавниот сектор претставуваат област (процес) која е директно поврзана со трошењето на јавни пари (платите на вработените во јавниот сектор се финансираат од централниот буџет), но има силно влијание и врз понатамошното креирање или спроведување на јавните политики, што повлекува долгорочни последици врз целото општество.

Главни елементи, односно причини кои претставуваат ризик за појава на корупцијата во постапките за вработување и унапредување се: непотизам, кронизам и дискрециони овластувања.

При идентификувањето на ризикот од корупција при спроведување на постапките за вработување и унапредување беше пристапено кон собирање на информации за факторите на ризици по групи; надворешни фактори на ризикот; институционални фактори на ризикот; индивидуални фактори и фактори на ризици од корупција поврзани со оперативниот процес од конкретната област.

- *Надворешни фактори* на ризикот од корупција кои се јавуваат во постапките за вработување и унапредување се можноста од политичкото влијание и политичката волја и честото менување на законската регулатива
- *Институционални фактори* на ризикот од корупција кои се јавуваат во постапките за вработување и унапредување праксата на неказнавост/инцидентна казнивост за лошо завршена или незавршена работа, непримена на механизми за проценка на ризиците од корутпивно однесување во институцијата.
- *Индивидуални фактори* на ризикот од корупција кои се јавуваат во постапките за вработување и унапредување утврдено во анализата е чувство на незадоволство или перцепција на нефер пракса на работа и недоволна мотивираност од работа.
- *Фактори на ризици од корупција поврзани со оперативниот процес* кои се јавуваат во постапките за вработување и унапредување утврдено во анализата е постоењето на дискреционите овластувања при одлучување за изборот на кандидат од листата од понудени кандидати, недостаток на вертикални и хоризонтални

контроли при извршување на работата и нејасно определување на одговорноста кај извршителите на задачите што се дел од работниот процес.

**3.** Непочитување на важечките прописи во областа за преземање на финансиски обврски и финансиска дисциплина;

Системот на финансиско управување и контрола се спроведува во сите организациони единици во ВПД Тетово и целта е подобрување на финансиското управување заради постигнување на следните општи цели:

-Вршење на работите на правилен етички, економичен, ефективен и ефикасен начин;

-Усогласовањето на работењето со законите и другите прописи, утврдената политика, плановите и постапките,

-Заштита на имотот и другите ресурси.

При идентификувањето на ризикот од корупција во областа за преземање на финансиски обврски и финансиска дисциплина беше пристапено кон собирање на информации за факторите на ризици по групи; надворешни фактори на ризикот; институционални фактори на ризикот; индивидуални фактори и фактори на ризици од корупција поврзани со оперативниот процес од конкретната област.

Од спроведената анализа за проценка на корупција беше утврдено дека честото менување на законската регулатива и можноста од неефикасно спроведување на законите се оценети како ризик со најголема веројатност.

**4.** Непочитување на важечките прописи при спроведување на постапките за доделување на погодности и привилегии на децата кои издржуваат воспитна мерка;

Целта на погодностите и привилегиите е да мотивираат континуирано придржување кон превоспитниот третман и да ги ублажат последиците што може да ги има престојот во Домот, а заради остварување успешна ресоцијализација, превоспитување и правилен развој на детето на кое му е изречена воспитна мерка од страна на надлежен суд.

Доделувањето на различни погодности и привилегии се широка област за коруптивно однесување заради непосредната интеракција на службеното лице со лицето на кое му е изречена воспитна мерка, која се врши со цел да се добие решение кој е важен за лицето во лична смисла.

При идентификувањето на ризикот од корупција при спроведување на постапките за доделување на погодности и привилегии на децата кои издржуваат воспитна мерка беше пристапено кон собирање на информации за факторите на ризици по групи; надворешни фактори на ризикот; институционални фактори на ризикот; индивидуални фактори и фактори на ризици од корупција поврзани со оперативниот процес од конкретната област.

- *Надворешни фактори* на ризикот од корупција кои се јавуваат во постапките за доделување на погодности и привилегии на децата се можноста од политичкото влијание и политичката волја, непостоечки институции за надзор или супервизија, ниска свест за начините за борба против корупција, честото менување на законската регулатива и неефикасно спроведување на законите.
- *Институционални фактори* на ризикот од корупција кои се јавуваат во постапките за доделување на погодности и привилегии на децата се непостоењето на соодветни политики и процедури, нефункционирање на институциите кои имаат клучна улога во борбата против корупцијата во затворскиот систем, недоволно човечки ресурси за идентификување и соодветно адресирање на коруптивното однесување, праксата на неказнавост/инцидентна казнивост за лошо завршена или незавршена работа, непримена на механизми за проценка на ризиците од коруптивно однесување во институцијата.
- *Индивидуални фактори* на ризикот од корупција кои се јавуваат во постапките за доделување на погодности и привилегии на децата се недостатокот од интигритет, недостаток на знаење, недостаток на практични вештини (искуство), можноста од притисоци (мобинг), подложност од партиско влијание, чувство на незадоволство или перцепција на нефер пракса на работа и недоволна мотивираност од работа.
- *Фактори на ризици од корупција поврзани со оперативниот процес* кои се јавуваат во постапките за доделување на погодности и привилегии на децата се недоволното прецизно законско дефинирање во работниот процес кој дава простор за корупција, нетранспарентно или неевидентирано (во писмена форма) одлучување, непримена на законските процедури при оперативниот процес во дадена област, непостоење или непримена на мапа на процедури во институциите и нејасно определување на одговорноста кај вршителите на задачите што се дел од работниот процес.

**5.** Непочитување на важечките прописи при спроведување на дисциплинските постапки за вработените

Секој вработен во ВПД Тетово е должен да ги почитува законите, подзаконските акти, постапките и процедурите при извршување на своите работни задачи. За повреда на службената должност административните службеници и припадниците на затворската полиција одговараат дисциплински за дисциплинска неуредност и дисциплински престап. Дисциплинска неуредност претставува полесна, а дисциплинскиот престап потешка повреда на службената должност, работната дисциплина, угледот на установата или угледот на административниот односно припадникот на затворската полиција

При идентификувањето на ризикот од корупција при спроведување на дисциплинските постапки беше пристапено кон собирање на информации за факторите на ризици по групи; надворешни фактори на ризикот; институционални фактори на ризикот; индивидуални фактори и фактори на ризици од корупција поврзани со оперативниот процес од конкретната област.

- *Надворешни фактори* на ризикот од корупција кои се јавуваат во дисциплинските постапки се можноста од политичкото влијание и политичката волја, ниска свест за начините за борба против корупција и честото менување на законската регулатива.
- *Институционални фактори* на ризикот од корупција кои се јавуваат во дисциплинските постапки се оценети како ризик со најмала веројатност.
- *Индивидуалните фактори* на ризикот од корупција кои се јавуваат во дисциплинските постапки се недостатокот на знаење, недостаток на практични вештини (искуство), чувство на незадоволство или перцепција на нефер пракса на работа и недоволна мотивираност од работа.
- *Фактори на ризици од корупција поврзани со оперативниот процес* кои се јавуваат во дисциплинските постапки согласно спроведенат анализа се непостоењето на соодветен систем за управување со документација и непостоење или непримена на мапа на процедури во институциите.

**6.** Непочитување на важечките прописи при примање на пратки и непрофесионално претресување на истите.

Согласно Законот за извршување на санкциите осудените лица имаат право да примаат пратки. Видот на предметите и тежината на пратката се одредуваат со куќниот ред на установата. Пред врачувањето на пратката нејзината содржина се прегледува во присуство на осуденото лице. Осудените лица исто така имаат право да примаат парична пратка, со која располагаат согласно со куќниот ред на установата.

При идентификувањето на ризикот од корупција при примање на пратки и непрофесионално претресување на истите, беше пристапено кон собирање на информации за факторите на ризици по групи; надворешни фактори на ризикот, институционални фактори на ризикот, индивидуални фактори и фактори на ризици од корупција поврзани со оперативниот процес од конкретната област.

Од спроведената анализа за проценка на корупција беше утврдено дека во оваа област постои ризик со најмала веројатност.

АКТИВНОСТИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА

Воспитно поправен дом Тетово во овој план предвиде активности за спречување на корупцијата кои се конкретни, настанати како резултат на самопроценка на изложеноста на институцијата на ризиците за појава и развој на корупцијата.

-Обезбедување на отчетност и транспарентност во работењето на Домот, согласно со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, преку објавување на стратешките документи на веб страницата од Управата за извршување на санкциите;

-Подигање на свеста на вработените за можностите за постапување по Законот за заштита на укажувачи;

-ВПД Тетово има назначено лице за внатрешно и надворешно пријавување до кое може да се поднесат пријави за било какво корупциско однесување од страна на вработените.

-Со цел надминување на утврдената слабост потребно е зајакнување на капацитетите со квалификувани и обучени кадри за спроведување на јавните набавки преку обуки организирани од Бирото за јавни набавки или други приватни институциии специјализирани во соодветната област.

-Со цел почитување на начелото на јавност и транспарентност во постапките за вработување, да не се врши вработување на лица преку Агенциите за привремени вработувања.

-Со цел надминување на утврдената слабост во постапки за вработување и унапредување потребно е системско решение со кое би се ограничило дискреционото право на избор.

-За успешно откривање и санкционирање на неправилностите во постапки при доделување на погодности и привилегии на децата кои издржуваат воспитна мерка, потребно е да се зајакнат механизмите за внатрешна контрола и стриктно постапување на вработените согласно Законот за извршување на санкциите и Упатството за доделување на погодности и привилегии на децата кои издржуваат воспитна мерка.

-Непристрасно и професионално однесување на вработените во врска со финансиските обврски, финансиската дисциплина како и финансиската контрола.

-Едукација и обуки за за зајакнување на отпорноста на вработените во ВПД Тетово од секаков вид на влијанија.

Директорот и раководните структури се одговорни за воспоставување и спроведување на ситемот на интегритет, како и нивна промоција преку своето лично однесување и со преземање мерки за колективна прифатеност на политиката на интегритет и придржување кон истата од страна на сите вработени.

Директорот, раководните структури како и сите вработени во Домот се должни да го пријават секое казниво дело поврзано со корупција, како и секоја повреда на одредбите од Законот за спречување на корупција и судир на интереси, за кое дознало во вршењето на својата должност, како и наводи или сомнежи за незаконско

Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

**Управа за извршување на санкциите**
**Воспитно поправен дом Тетово**

однесување или повреди на кодексот. Исто така се должни да пријават доколку од нив се побара да постапат спротивно од Уставот, законите, кодексот или друг пропис.

Годишниот план за спречување на корупција за 2023 година се однесува за сите вработени во Воспитно поправниот дом Тетово и ќе биде објавен на веб страницата на Управата за извршување на санкциите.

ДИРЕКТОР на
ВПУ ВПД Тетово
Даниел Антоски

ВОСПИТНО ПОПРАВЕН ДОМ
SHTËPIA PËRMIRËSUESE EDUKATIVE
TETOVË
ТЕТОВО


Министерство за правда
Воспитно поправен дом Тетово
С.Волковија, Тетово
Република Македонија
+389 42 311 661
www.pravda.gov.mk